**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21, 74/24 и 16/25) и член 17 став 5 и член 22 став 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување на Одлуката за издавање дозволи
## („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/25)

1. Во Одлуката за издавање дозволи („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/13, 24/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 50/19), во точката 3, зборовите: „гувернерот на Народната банка (во понатамошниот текст: гувернерот)" се заменуваат со зборовите: „Народната банка".

2. Во точката 4 став 1, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор", а во ставот 2, зборот: „Гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

3. Во точката 6 алинеја 2, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

4. Во точката 8, зборот: „Гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

5. Во точката 10, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Народната банка".

6. Во точката 11 став 1, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор", а во ставот 2, зборот: „Гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

7. Во точката 14, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

8. Во точката 16, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

9. Во точката 17 потточка 17.9, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

10. Во точката 21 потточка 21.5, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

11. Во точката 24, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

12. Во точката 33-а, зборот: „гувернерот" се заменува со зборовите: „Извршниот одбор".

13. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува по влегувањето во сила на измените на Законот за банките со кои ќе се изврши усогласување со Законот за изменување и дополнување на Законот за Народната банка („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 74/24), во согласност со кој Извршниот одбор одлучува за издавање и укинување дозволи, издавање и повлекување согласности на банки и штедилници во согласност со закон.

**Бр. 02-3873/8**
**4 февруари 2025 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**